ЈП ДЕПОНИЈА ДРИСЛА СКОПЈЕ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDERMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP
Бр./Nr. 09 - 1260/2
02-09-2022 год.
СКОПЈЕ / SHKUP 1

[redacted]

**Дата: 02.09.2022**

**РЕШЕНИЕ**

На 18.09.2022 година, по електронска пошта пристигна Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на [redacted] од Друштво за производство и промет со земјоделски и сточарски производи [redacted]

Постапувајќи по законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како одговорно лице за посредување при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, врз основа на добиените информации од Одделението за уништување на отпад, Ви ги даваме одговорите на Вашите прашања:

**Прашање:**

- Дали може да ми кажете колку храна (млеко и млечни производи, месо и месни производи, жито и житни производи, безалкохолни и алкохолни пијалоци, масла и маслени производи) во тони на годишно ниво се исфрла во Дрисла?

**Одговор:**

- На депонијата Дрисла се прима и депонира отпад по следните видови на отпад:
    - Комунален отпад;
    - Градежен шут;
    - Технолошки отпад;
    - Прехранбени стоки;
    - Неопасен индустриски отпад;
    - Медицински отпад; и др.

Во врска со Вашето прашање за доставување на информација за депонирање на прехранбени стоки по посебни видови (млеко и млечни производи, месо и месни производи, жито и житни производи, безалкохолни и алкохолни пијалоци, масла и маслени производи), како што е горенаведено на депонијата Дрисла се прима отпад по видови т.е. прехранбени стоки и не се двои на посебни видови прехранбени стоки.

Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје
Официјална адреса: Бул. Илинден бб, 1000 Скопје, Р. С. Македонија.
Седиште на адреса: с. Батинци, П. Фах 34, 1050 Скопје, Р. С. Македонија.
Телефон: 02/ 2722 400
Факс: 02/ 2744 449
www.drisla.mk
drisla@drisla.mk
Број на сметка: 300 0000033841 72
Комерцијална банка АД Скопје
ЕМБС: 6533191
ЕДБ: MK4080009506800

На депонијата Дрисла се прима целокупниот отпад од прехрана на фирмата која го оглага отпадот независно од видот на прехрана бидејќи цената за прием и депонирање на отпад на сите видови прехранбени стоки е ист и начинот на третман е ист, а наплатата се врши паушално до еден тон 3.100,00 ден./тон.

Од горенаведените причини не може да Ви дадеме конкретни податоци за примен и депониран отпад по видови прехранбени стоки.

Вкупната количина на примен и депониран отпад од различни видови прехрана за минатата 2021 година е 1.115 тони, плус 742 тони млеко и млечни производи, 115 тони месо и месни производи и риба 32 тони од фирми кои се создавачи само на ваков вид отпад од прехрана и како таков е донесен на депонијата Дрисла.

Доколку Ви се потребни дополнителни информации може да не контактирате.

Изработил

**Дијана Ж.Велјаноска**

Одговорно лице за посредување при давање

на информации од јавен карактер

Одобрил

**Јане Мицевски**

В.Д.Директор

Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје
Официјална адреса: Бул. Илинден бб, 1000 Скопје, Р. С. Македонија.
Седиште на адреса: с. Батинци, П. Фах 34, 1050 Скопје,
Р. С. Македонија.

Телефон: 02/ 2722 400
Факс: 02/ 2744 449
www.drisla.mk
drisla@drisla.mk

Број на сметка: 300 0000033841 72
Комерцијална банка АД Скопје
ЕМБС: 6533191
ЕДБ: МК4080009506800